# ДИСЦИПЛИНСКО – ЕТИЧКИ ПРАВИЛНИК

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува дисциплинската одговорност на докторите по ветеринарна медицина (во натамошниот текст ДВМ), како членови на Ветеринарната комора на Р. Македонија (во натамошниот текст: Комората),при извршување на ветеринарната професија, а усогласени со Статутот на Ветеринарната комора (во натамошниот текст Статутот), Кодексот на професионалните етички должности и права и деонтолошките и етиолошките односи, (во натамошниот текст Кодексот), Правилникот за работа на судот на честа, други акти и одлуки донесени од страна на Комората.

## ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ

### А. Прекршување на етичките принципи во работата на докторите по ветеринарна медицина

**Член 2**

**(I)** Повреда на етичките принципи настанува во случај кога ДВМ:

1 – Не ја користи професионалната титула и академскиот степен, кој го стекнал со формалната едукација, кои со закон му припаѓаат.
2 – Понижува и девалвира друго лице кое се стекнало со истата формална едукација, академски степен и титула која со закон му припаѓаат;
3 – Ако при вршење на ветеринарно-здравствени интервенции, процедури на колење, еутаназија, биомедицински процедури, животното не е заштитено од непотребно страдање и болка според современите прописи за благосостојба на животните.
4 - Не ги чува професионалните тајни при вршењето на ветеринарната професија, освен во случаи предвидени со закон, или во случај на можност за настанување штета на трето лице;
5.- Има непрофесионален однос кон сопственикот на животното;
6. -На барање на корисникот на услугата, или сопственикот на животното одбива да ја појасни применуваната метода.
7. - Ја омаловажува стручноста и способноста на друг ДВМ.
8 - Не го признава правото на сопственикот на животното да се консултира со други ДВМ специјалисти и му приговара на сопственикот на животното или поради овие причини одбива да даде ветеринарна услуга;
9 – Врши пренос на давањето на ветеринарни услуги на трети лица кои се неовластени или неквалификувани да ги извршуваат истите.
10 – Го омаловажува работењето на колегите кои стажираат и не им обезбедува стручна едукација и стекнување на практични знаења и вештини во текот на нивниот стаж со пропишаната програма и ја користи работата на стажантите за работни места пониски од нивното професионално ниво;

**(II)** Повреда на етичките принципи се јавува и во сите други случаи, кога ДВМ постапува спротивно на сите други принципи и обврски предвидени со Статутот, Кодексот и други акти и одлуки на Комората .

**Б.) Лесни повреди при вршење на ветеринарната професија**

**Член 3**

Под полесни повреди при извршување на ветеринарната дејност се смета ако ДВМ:

1. За јавноста изнесува нестручни, лажни, нецелосни и неточни информации од обласа на ветеринарната медицина;
2. Не се придржува до одредбите предвидени со Статутот и другите нормативни акти на Комората, Агенцијата за храна и ветеринарство, законите и други прописи, при што настанале штетни ефекти за други ДВМ;
3. Не ги исполнува обврските кон Комората и штети на угледот на Комората и професијата во целост;
4. Не ја користи својата професионална титула и во текот на работното време се облекува несоодветно, го запоставува личниот изглед и хигиена, спротивно на хигиенско – техничките мерки при вршењето на ветеринарната професија;
5. Не се придржува до минималниот ценовник за ветеринарни услуги пропишан од ВКМ;
6. Внесува лажни податоци за работата на колегите стажанти, во документацијата за текот на стажирање;
7. Го злоупотребува стажантот за самостојно вршење на ветеринарната дејност и му налага самостојна работа без потребниот надзор;

**В.Тешки повреди при вршење на ветеринарната професија**

Под тешки повреди при вршењето на ветеринарната дејност се смета ако :

**Член 4**

1. Врз основа на темелна и стручна оценка спротивно на приоритетите во вршење на ветеринарната интервенција и третман, докторот по ветеринарна медицина со своите постапки придонесе за нанесување намерна повреда или смрт на животното;
2. Ја врши ветеринарната професија под дејство на алкохол и психотропни супстанци, со очигледно изменето или несоодветно однесување;
3. Ако одбие да пружи задолжителна ветеринарна услуга - итна помош, согласно Законот, поради што настанала штета на корисникот на услугата , со резултат колење или смрт на животното;
4. Ангажирање на ДВМ без лиценца, или ангажирање на ДВМ на кој лиценцата му е времено или трајно одземена;
5. Злоупотреба на факсимилот на ДВМ;
6. Злоупотреба на лиценцата и легитимацијата на ДВМ како службен документ;

7. Противправно задржување на лиценцата и факсимилот на порано вработен ДВМ од страна на одговорното лице на ветеринарното друштво;
8. Своеволно печатење и користење на официјални обрасци и документи , за кои јавно овластување има Комората.
9. Непридржување до законските одредбите на АХВ и други прописи, поради кои дошло до штетни последици, ширењето на заразни болести или смрт на животно;
10. Во сите останати случаи на издавање на документи за здравствена состојба на животните без извршен клинички преглед, без сознанија за лекување, антимикробна резистентност како и непочитување на причините за забрана за колење и користење на останатите производи од животинско потекло.

## IV. Изрекување на дисциплински мерки поради утврдена повреда на Статут и други акти на Комората

### Член 5

1. За прекршоците од дисциплинската одговорност на ДВМ

Судот на честа на Комората, во согласност со одредбите на Статутот и Правилникот може да ги изрече следниве дисциплински мерки:

- **Опомена**
- **Укор**
- **Парична казна**
- **Времено одземање на лиценцата до 1 година**
- **Трајно одземање на лиценцата**

### Член 6

1. Опомена се изрекува со доставување на писмена одлука за изречената мерка на ДВМ, одговорното лице на ветеринарното друштво, и се објавува со сите податоци за сторителот и фактите на дело.
2. Опомената ќе се искаже и поради прекршување на етичките принципи утврдени во член 2 од овој Правилник

### Член 7

1. Укор се изрекува со доставување на писмена одлука за изречената мерка на ДВМ, одговорното лице на ветеринарното друштво и се објавува со сите податоци за сторителот и фактите на дело. Изречените мерки се објавуваат во Билтенот на комората и 15 дена на веб страната на Комората.

2. Укор се изрекува за сериозна повреда од член 2 од овој правилник.

**Член 8**

Парични казни се изрекуваат во случај на прекршување на етичките принципи и при благи и сериози повреди во вршењето на ветеринарната професија, заедно со изречена мерка опомена или укор во следните случаи:

1 Со парична казна за прекршителите и износот од 100-200 € во денарска противредност за одговорниот ДВМ може да се изрече со опомена за кршење на етичките принципи од членот 3 став 1,2,3,4,9,10 и член 4 став 1,2,3 од овој Правилник.
2.Парични казни во износ од 200- 400 € во денарска противредност и опомена за одговорниот ДВМ ќе изрече при непочитување на член 3 став 5, 6, 7
Парична казна од 400 до 600 € и укор за ДВМ, ќе се изрече за ангажман на малолетник –практикант и непочитување на член 3 став 5 и 6.
Парична казна за прекршителите, во износ од 600 до1000 € за одговорното лице во правниот субјект, ќе се изрече со укор за прекршување на член 4 став 1,2,3,4,5,6,7,8,9 и 10 од овој Правилник.

**Член 9**

Паричните средства од дисциплинските мерки претставуваат приходи на Комората .

**Член 10**

При непочитување на став 6 и 7 , член 4 од страна на ДВМ, Комората писмено ја известува АХВ.

**Член 11**

Со одземање на лиценцата за работа за периодот до 3 месеци ќе се казни ДВМ, во случај ако во рок од 15 дена од дисциплинската постапка и одлуката на Судот на честа, не ја плати паричната казна по член 8 од овој Правилник.
Одземање на лиценцата за работа (лиценца) за период од 3-6 месеци ќе се казни за сериозни прекршувања утврдени во член 4 став 3,9 и 10 од овој Правилник.
Одземање на лиценца за работа (лиценца) за период од 6 до 12. месеци ќе се казни за сериозни прекршувања на обврските утврдени во член 4 став 1 и 6 од овој Правилник.

**Член 12**

Во случај на извршени кривични дела за кои е изречена правосилна пресуда , Судот на честа при Комората може да изрече мерка ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА РАБОТА (лиценца) во траење од 6-12 месеци, односно

доставува предлог до Извршниот одбор на Комората за одземање на лиценцата за работа за повеќе од една година;

**Член 13**

При непочитување на став 6 и 7 , член 4 од страна на ДВМ, Комората писмено ја известува АХВ.

**Член 14**

Одземање на лиценцата за работа во период подолг од една година, односно трајно одземање на лиценцата, настапува врз основа на правосилна судска одлука со изречена мерка на забрана за вршење на ветеринарната професија.
Во случајот наведен во став 1 од овој член, Извршниот одбор на Комората со своја одлука ќе ја одземе лиценцата за работа во време утврдено со правосилна судска пресуда за забрана на вршење на ветеринарната професија.

Комората во случај на одземање на лиценцата за работа, кога изречената мерка ќе стане извршна и конечна, писмено ја известува АХВ.

**Член 15**

1. Застарување, односно процесот не може да се покрене ако од почетокот на повредата поминало:

а) шест месеци за повреда на етички принципи утврдени во член 2 овој Правилник
б). една година за полесни повреди при извршување на ветеринарните активности наведени во член 3 од овој правилник.
в) две години за сериозни прекршувања на член 4 од овој Правилник, или во период даден со кривична постапка за одредена кривично дело.

2. За повреда по член 4 од овој Правилник, постапката не може да се активира после временското ограничување на кривични постапки за конкретни кривични дела.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 16**

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување.

Во, Струга 09.05.2014 — Ветеринарна комора на Р.Македонија

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Д-р Томислав Николовски